21874, 20,

Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
E-mail: kultura@novamakedonija.com.mk

# Култура

## И МИНИСТЕРСТВОТО ДАДЕ ОТЧЕТ

# Година на капитални инвестиции – и оваа и идната

**Годинава многу се градеше, а така, според најавите, ќе биде и во наредната. Буџетот за култура, најавува министерката, и в година ќе биде ист како и оваа и ќе изнесува нешто повеќе од десет милиони евра**

**В ГОДИНА** - изградба на Турскиот театар, реконструкција на Универзалната сала, монтажни објекти во десет града што ќе промовираат изданија за културни локалитети и книги од областа на културното наследство, работа на театарот во Велес.

**ГОДИНАВА** - изграден е Спомен-домот на **Мајка Тереза** во Скопје, доградена е универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски", промовирани се нови депоа на Кинотеката на Македонија, остварен е проектот „130 тома Македонска книжевност", чии книги се преведуваат на англиски и на уште шест јазици, осветлен е Камени мост во Скопје и поставени се 35 скулптури во централното подрачје на градот.

На 11 јануари ќе биде промовиран проектот „Нобеловци".

На театарот под Кале в година ќе му се работат фасадата, скулптурите и ентериерното уредување, ќе се гради Спомен-домот на **Тоше Проески**, кој ќе биде прв довршен објект промовиран идната година. Во 2010 година ќе биде промовиран и музејскиот комплекс (Музеј на жртвите на комунизмот и на холокаустот), како и новата концертна сала за Македонската филхармонија.

Ова е дел од отчетот пред јавноста што вчера го поднесе министерката за култура **Елизабета Канчевска-Милеска**.

- Успешна и позитивна година во културата, со многу реализирани проекти што ја промовираа Македонија и во светски рамки и на домашен план, како и многу капитални инвестиции, според програмата на Владата и според годишната програма на Министерството - вака Канчевска-Милеска ја резимира годината.

### Пари за култура

Годинава се одобрени **754 милиони** и **500 илјади денари** за култура, а во исто толкав износ се и предвидените пари за идната година.

Како што вели новоизгласаниот буџет - годинава во културата се потрошени **10,4 милиони евра**, а в година - речиси **17 милиони**.

Разликата, велат познавачите, треба да се одбие на капиталните објекти.

Министерката акцентира неколку позначајни културни настани по области.

**ВО ЛИКОВНАТА ДЕЈНОСТ** - изложбата на **Салвадор Дали** во Музејот на современата уметност и откупот на 44 досега необјавени дела од Никола Мартиновски, кои станаа трајна сопственост на КИЦ - Скопје.

**ВО МУЗИЧКАТА ДЕЈНОСТ** - гостувањето на оркестарот на „Бољшој театарот" со **Симон Трпчески** и настапот на **Енио Мориконе** и симфонискиот оркестар на Будимпешта на отворањето на „Охридско лето".

**ВО ИЗДАВАШТВОТО** - поддршка за над 310 публикации.

**ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ АКТИВНОСТИ** - Концертот за мир, поддржан и организиран од регионалното биро на УНЕСКО во театарот „Ла Фениче" во Венеција, каде што учествуваа уметници од Македонија и беше промовирана и Првата светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог и многу значајната книга што произлезе од неа, Денови на македонската култура во Прага, Меѓународниот саем на книга во Франкфурт и Биеналето во Венеција каде што Македонија се претстави со два проекти.

**ВО АДМИНИСТРАТИВНИОТ ДЕЛ** - направени се измени на Законот за култура, изработен е нов закон за авторско право и сродни права, а веќе денес ќе биде доставен и предлог-закон за управување со светското културно и природно наследство на охридскиот регион.

**ВО ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ** - седум филма што ќе бидат промовирани идната година.